# ЗАКОН ЗА КОНТРОЛА НА ДРЖАВНАТА ПОМОШ

## ПРВ ДЕЛ

Општи одредби

### Предмет на Законот

### Член 1

Со овој закон се уредуваат облиците на државната помош, општите услови и правилата за известувањето за државна помош и оцената и надзорот на државната помош.

### Цел на Законот

### Член 2

Цел на овој закон е воспоставување на правна основа и правила за известување, одобрување, доделување и надзор на државната помош, со цел за имплементација на принципите на пазарната економија, обезбедување на слободна конкуренција и исполнување на обврските преземени со меѓународни договори ратификувани од Република Македонија кои содржат одредби за државна помош.

### Примена на Законот

### Член 3

(1) Овој закон се применува на секој облик на државна помош доделена од давателите на државна помош, независно дали е доделена според шема за помош или како индивидуална помош, која може да влијае врз трговијата во Република Македонија, врз трговијата меѓу Република Македонија и Европската унија, како и врз трговијата меѓу Република Македонија и други земји кои заедно со Република Македонија се договорни страни во меѓународни договори ратификувани од Република Македонија, а кои содржат одредби за државна помош.

(2) Овој закон не се применува на државната помош која се доделува во областа на земјоделството и рибарството.

(3) Во оцена на облиците на државна помош кои можат да имаат влијание на трговијата меѓу Република Македонија и Европските заедници, согласно со членот 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки, на соодветен начин се применуваат критериумите кои произлегуваат од правилната примена на правилата за државна помош во Европската унија.

### Дефиниции

### Член 4

Одделните поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Шема на помош е секој правен акт врз основа на кој, без обврска за дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, може да се додели помош на корисници на државна помош кои не се однапред определени во шемата или секој правен акт врз основа на кој помош која не е поврзана со точно определен проект може да му се додели на едно или повеќе претпријатија за неопределен временски период и/или во неопределен износ;

2. Индивидуална помош е државна помош која не е доделена врз основа на шема на помош или државна помош доделена врз основа на шема на помош, а со обврска за дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата;

3. Постојна помош е државната помош која исполнува еден од следниве услови:
- била доделена пред 1 јануари 2004 година,
- била одобрена од Комисијата за заштита на конкуренцијата пред влегувањето во сила на овој закон,
- било доставено известување до Комисијата за заштита на конкуренцијата за планирано доделување на државна помош, а Комисијата за заштита на конкуренцијата не донела решение во роковите предвидени со членот 16 од овој закон или
- ако истекол рокот на застареност за постапување на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно со одредбите од овој закон;

4. Помош од мало значење (de minimis) е помошта која може да биде доделена во сите области, освен во областа на производство на јаглен, доколку износот на доделената помош по корисник не надминува вкупно 200.000 евра за период од три години, односно вкупно 100.000 евра во областа на патниот сообраќај за период од три години;

5. Незаконска помош е секоја државна помош, освен постојната и помошта од мало значење (de minimis), доделена без Комисијата за заштита на конкуренцијата да го дозволи нејзиното доделување согласно со членот 15 од овој закон, како и помошта доделена по поднесување на известување од членот 13 на овој закон, а пред Комисијата за заштита на конкуренцијата да донесе решение од членот 15 на овој закон;

6. Злоупотребена помош е секоја помош доделена спротивно на решението од членот 15 на овој закон со кое се дозволува доделувањето на државна помош;

7. Претпријатие е секој вид на деловен потфат без оглед на тоа како е организиран и од кого е воден (трговско друштво, трговец поединец, задруга, здружение на претпријатија и друго), слободните професии (адвокати, лекари, архитекти, сметководители, нотари и друго), јавните претпријатија основани заради вршење на дејности од јавен интерес како и секое друго правно или физичко лице, установа и друго правно и физичко лице кои имаат јавни овластувања или орган на државната управа што е ангажиран во водењето на некоја економска активност, без оглед на тоа дали се сметаат за трговци или не;

8. Микро претпријатие е претпријатие кое има помалку од 10 вработени и кое има годишен приход и/или вкупен биланс на состојба кој не надминува 2 милиони евра;

9. Мало претпријатие е претпријатие кое има помалку од 50 вработени и кое има годишен приход и/или вкупен биланс на состојба кој не надминува 10 милиони евра;

10. Средно претпријатие е претпријатие кое има помалку од 250 вработени и кое има годишен приход кој не надминува 50 милиони евра и/или вкупен биланс на состојба кој не надминува 43 милиони евра;

11. Регионална помош е помош која е во согласност со целите на регионалната политика на Република Македонија и со која се поддржуваат продуктивни почетни инвестиции или отворање на работни места, поврзани со инвестициите;

12. Помош за спас е помош која се доделува привремено со цел да ги спаси претпријатијата кои имаат тешкотии во работењето;

13. Помош за реструктуирање е помош која се доделува за реструктуирање на претпријатија во тешкотии, која е неопходна за реализирање на план за реструктуирање со кој треба да се оспособи претпријатието за работење на долг период;

14. Хоризонтална помош е помош која се доделува за истражување и развој, заштита на животната средина, вработување, обука, услуги од општ економски интерес и активностите на малите и средни претпријатија, доделена во кој било облик, вклучувајќи го и обликот на ризичен капитал, чија цел е решавање на проблемите во сите индустриски гранки, односно региони;

15. Заинтересирани лица се корисниците на помошта и претпријатијата или здруженијата на претпријатија кои се конкуренти на корисниците на помошта, а чиј интерес може да биде засегнат со доделувањето на помошта и

16. Надзор е секоја активност на надгледување и контрола на секоја доделена индивидуална помош и на постојните шеми на помош.

## ВТОР ДЕЛ

## ДРЖАВНА ПОМОШ

### Поим на државна помош

### Член 5

(1) Државна помош се сите потенцијални или реализирани расходи или сите потенцијално или реално намалени приходи на државата, доделени од давателите на државната помош кои ја нарушуваат или можат да ја нарушат конкуренцијата преку овозможување на економска предност на определено претпријатие која не би била можна без доделената државна помош или преку фаворизирање на производството на одредени стоки или давањето на одредени услуги.

(2) Државната помош од ставот (1) на овој член може да биде доделена во различни облици, а особено преку:
- субвенции,
- отпишување или преземање на долгови,
- изземање, намалување или одлагање на плаќањето на јавните давачки,
- доделување на кредити под поволни услови,
- давање гаранции од давателите на државна помош под поволни услови,

- инвестиции од давателите на државна помош со стапка на поврат пониска од стапката на поврат на инвестиции која може да се очекува при инвестирање под нормални пазарни услови и
- намалување на цените на стоките и/или услугите од страна на давателите на државна помош под пазарните цени, особено во случај на продажба на акции, згради или земјиште во сопственост на давателите на државна помош.

**Субјекти на државна помош**

**Член 6**

(1) Давател на државна помош, во смисла на овој закон, се Владата на Република Македонија, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, како и секој друг орган или правно лице кои доделуваат или планираат да доделат државна помош.

(2) Корисник на државна помош, во смисла на овој закон, е претпријатие кое учествува во промет на стоки и/или услуги, а користи некој од облиците на државна помош.

**Општа забрана за доделување државна помош**

**Член 7**

Доделувањето на државна помош е забрането, доколку со овој закон не е определено дека истото е дозволено.

**Исклучоци од општата забрана за доделување на државна помош**

**Член 8**

(1) Доделувањето на државна помош е секогаш дозволено, ако:
а) помошта е од социјален карактер, доделена на индивидуални потрошувачи, доколку притоа не се прави дискриминација поврзана со потеклото на стоките и/или услугите или
б) со помошта се надоместува штетата предизвикана од природни катастрофи или други исклучителни настани, вклучувајќи ги и воените дејствија.

(2) Доделувањето на државната помош може да се дозволи ако се работи за:
а) регионална помош за унапредување на економскиот развој на подрачја во Република Македонија во кои животниот стандард е исклучително низок или каде што постои голема невработеност;
б) помош наменета за отстранување на потешкотиите во домашното стопанство или за унапредување на остварувањето на проекти од значаен економски интерес за Република Македонија;
в) помош за спас и реструктуирање на претпријатија во потешкотии;
г) помош наменета за унапредување на културата и заштитата на културното наследство, кога таа не влијае значително на трговските услови и конкуренцијата на пазарот;
д) хоризонтална помош и
ѓ) друга државна помош доделена врз основа на актот од ставот (3) на овој член.

(3) Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за заштита на конкуренцијата, ги пропишува условите и постапката за доделување на државната помош од ставот (2) на овој член.

**Помош од мало значење (de minimis)**

**Член 9**

(1) Помошта од мало значење (de minimis) не е државна помош.

(2) Помошта од мало значење може да биде доделена само на корисник кој не е во потешкотии. Помошта од мало значење не смее да биде поврзана со извозни активности, да биде условена со фаворизирање на домашните производи наспроти увезените или да се користи за набавка на товарни транспортни возила од страна на претпријатија кои вршат товарен патен транспорт за наем или надоместок.

(3) Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за заштита на конкуренцијата, ги пропишува условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) од ставот (1) на овој член.

**ТРЕТ ДЕЛ**

Надлежен орган

**Член 10**

Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна за оцена и надзор на секој облик на државна помош.

**ЧЕТВРТИ ДЕЛ**

Постапки за оценка и надзор на државната помош

ГЛАВА ПРВА

Општи одредби

**Примена на Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за општата управна постапка**

**Член 11**

(1) Во постапките за оцена и надзор на државната помош соодветно се применуваат одредбите за водење на управната постапка од Законот за заштита на конкуренцијата.

(2) За се што во постапките за оцена и надзор на државната помош не е уредено со овој закон и Законот за заштита на конкуренцијата се применува Законот за општата управна постапка.

**Странки во постапката**

**Член 12**

(1) Странки во постапката за оценка и надзор на државната помош, во смисла на овој закон, се:
- давателот на државната помош и
- заинтересирано лице на кое Комисијата за заштита на конкуренцијата, на негово барање и заради заштита на неговите права и интереси, со заклучок ќе му даде својство на странка во постапката.

(2) Против заклучокот од ставот (1) на овој член не е дозволена жалба, ниту тужба за поведување управен спор пред надлежен суд.

Глава втора

**Постапка за оцена на државната помош за која е поднесено известување**

**Обврска за известување и суспензија**

**Член 13**

(1) Секој давател на државна помош е должен до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

(2) Планираната државна помош од ставот (1) на овој член не смее да биде доделена на корисник на државна помош пред истата да биде одобрена со решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата, односно пред истекот на рокот во кој Комисијата за заштита на конкуренцијата треба да донесе решение за оцена на помошта.

**Содржина на известувањето**

**Член 14**

(1) Известувањето од членот 13 на овој закон треба да ги содржи сите податоци потребни за оцена на помошта од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата во согласност со овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, а особено податоци за целта, износот, времетраењето, обликот, правната основа, давателот и корисникот на помошта.

(2) Известувањето од членот 13 на овој закон се смета за уредно ако ги содржи сите податоци од ставот (1) на овој член.

(3) Ако известувањето содржи неточни или нецелосни податоци, Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе побара од давателот на државната помош истото да го исправи или дополни во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за дополнување.

(4) Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за заштита на конкуренцијата, поблиску ги пропишува начинот и постапката за поднесување на известувањето од ставот (1) на овој член.

**Испитување на известувањето**

**Член 15**

(1) Комисијата за заштита на конкуренцијата започнува со испитување на известувањето од членот 13 на овој закон од денот на приемот на уредното известување.

(2) Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитувањето на известувањето утврди дека мерките содржани во известувањето не претставуваат државна помош, во смисла на овој закон, ќе донесе решение за тоа.

(3) Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитувањето на известувањето утврди дека мерките содржани во известувањето претставуваат државна помош, во смисла на овој закон, и доделувањето на истата е дозволено, ќе донесе решение за тоа.

(4) Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитувањето на известувањето утврди дека мерките содржани во известувањето претставуваат државна помош, во смисла на овој закон, но постојат сериозни сомневања за дозволеноста на доделувањето на истата, со заклучок ќе поведе постапка за оцена на дозволеноста на доделувањето на државната помош. Против заклучокот за поведување на постапка не е дозволена жалба, ниту тужба за поведување на управен спор.

(5) По завршувањето на постапката за оцена на дозволеноста на доделувањето на државната помош од ставот (4) на овој член, Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе донесе решение со кое ќе утврди дека мерката содржана во известувањето:
- не претставува државна помош или
- претставува државна помош и безусловно или условно ќе го дозволи доделувањето на државната помош или
- претставува државна помош и нема да го дозволи доделувањето на државната помош.

**Рокови за одлучување**

**Член 16**

(1) Комисијата за заштита на конкуренцијата е должна во рок од 60 дена од денот на приемот на уредното известување да донесе решение од членот 15 ставови (2) и (3) на овој закон или со заклучок да поведе постапка согласно со членот 15 став (4) од овој закон.

(2) Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата со заклучок поведе постапка во смисла на членот 15 став (4) од овој закон, истата треба да биде завршена со решение најдоцна 18 месеци од денот на започнувањето на постапката.

(3) Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата не донесе решение во роковите утврдени во овој член, давателот може да ја додели државната помош, ако за намерата за доделување претходно ја извести Комисијата. Доделената помош е постојна помош.

(4) Во случај на незаконска или злоупотребена државна помош, роковите предвидени во ставовите (1) и (2) од овој член не ја обврзуваат Комисијата.

**Поништување на решение**

**Член 17**

Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение може да поништи решение со кое утврдила дека доделувањето на државната помош е дозволено ако истото е донесено врз основа на неточни и/или нецелосни податоци кои имале одлучувачко влијание при донесувањето на решението.

Глава трета

**Постапка за оцена на незаконска државна помош**

**Испитување на постоење на незаконска државна помош**

**Член 18**

(1) Доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на сопствени сознанија или врз основа на податоци добиени од заинтересирани лица има сознанија за евентуално постоење на незаконска државна помош, ќе ги испита таквите сознанија без одлагање.

(2) При испитувањето на сознанијата од ставот (1) на овој член, Комисијата за заштита на конкуренцијата ја оценува и дозволеноста, односно недозволеноста на доделувањето на помошта, во смисла на членот 15 од овој закон.

(3) Во вршењето на дејствијата од ставовите (1) и (2) на овој член, Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе побара од давателот и/или корисникот на евентуалната незаконска државна помош, во определен рок да ги достави сите податоци потребни за оцена на помошта од страна на Комисијата.

**Привремени мерки**

**Член 19**

(1) Комисијата за заштита на конкуренцијата може во постапката за испитување на дозволеноста, односно недозволеноста на доделувањето на помошта од членот 18 на овој закон да донесе решение со кое на давателот на државната помош ќе му наложи да го суспендира доделувањето на евентуалната незаконска државна помош до донесувањето на решение во смисла на членот 15 од овој закон.

(2) Комисијата за заштита на конкуренцијата може во постапката за испитување на дозволеноста, односно недозволеноста на доделувањето на помошта од членот 18 на овој закон да донесе решение со кое на давателот на државната помош ќе му наложи привремено враќање на доделената државна помош до донесувањето на решение, во смисла на членот 15 од овој закон, ако се исполнети следниве кумулативни услови:
- се работи за мерка што претставува државна помош,
- потребно е итно да се дејствува и
- постои сериозен ризик од предизвикување на значителна и непоправлива штета на определен конкурент.

(3) Во случај на привремено враќање на доделената помош од ставот (2) на овој член, Комисијата за заштита на конкуренцијата е должна да донесе решение во смисла на членот 15 од овој закон во роковите од членот 16 на овој закон.

**Дозволеност, односно недозволеност на незаконската државна помош**

**Член 20**

Во постапката за испитување на дозволеност, односно недозволеност на доделувањето на помошта од членот 18 на овој закон, соодветно ќе се применуваат одредбите од членовите 15 ставови (2), (3), (4) и (5) и 17 на овој закон.

**Враќање на незаконска државна помош чие доделување не е дозволено**

**Член 21**

(1) Доколку при испитувањето на дозволеноста, односно недозволеноста на доделувањето на помошта од членот 18 на овој закон, Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение не го дозволи доделувањето на незаконската државна помош, во решението ќе му наложи на давателот на државната помош да ги преземе сите неопходни мерки за враќање на веќе доделената државна помош од корисникот на истата.

(2) Износот на незаконската државна помош кој се враќа во согласност со ставот (1) од овој член го содржи и износот на законската затезна камата, сметано од денот на ставање на располагање на помошта на корисникот до денот на враќање.

**Рок на застареност за враќање на незаконската државна помош чие доделување не е дозволено**

**Член 22**

(1) Комисијата за заштита на конкуренцијата не може да бара враќање на незаконската државна помош чие доделување не е дозволено по истекот на десет години од денот на доделувањето на незаконската државна помош, независно дали истата е доделена како индивидуална помош или во рамките на шема на помош.

(2) Течењето на рокот од ставот (1) на овој член се прекинува со секое процесно дејствие преземено од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата за оцена на дозволеноста, односно недозволеноста на помошта од членот 18 на овој закон. По секој прекин рокот од ставот (1) на овој член почнува одново да тече.

(3) Течењето на рокот од ставот (1) на овој член се прекинува за цело време додека трае постапка пред надлежен суд по тужба за поведување управен спор.

(4) Комисијата за заштита на конкуренцијата во секој случај не може да бара враќање на незаконската државна помош чие доделување не е дозволено по истекот на 20 години од денот на доделувањето на оваа помош, независно дали истата е доделена како индивидуална помош или во рамките на шема на помош.

Глава четврта

## Постапка за оцена на злоупотребена државна помош

### Член 23

При оцена на злоупотребена државна помош соодветно се применуваат одредбите од членовите 18, 19 став (1), 20, 21 и 22 на овој закон.

Глава петта

## Надзор на постојната државна помош

### Годишен извештај

### Член 24

(1) Секој дավател на државна помош е должен најдоцна до 1 март во тековната година до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави годишен извештај за доделената дозволена државна помош во претходната година.

(2) Годишниот извештај од ставот (1) на овој член особено содржи податоци за обликот на доделената државна помош, условите под кои е доделена државната помош во секој поединечен случај, актот врз основа на кој е доделена државната помош, износот на доделената државна помош по корисник и периодот на кој се однесува извештајот од ставот (1) на овој член.

(3) Секој давател и корисник на државна помош е должен да води прецизна евиденција за доделената, односно примена државна помош, како и за доделената, односно примена помош од мало значење (de minimis).

(4) Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за заштита на конкуренцијата, ја пропишува постапката за вршење надзор на постојната државна помош.

### Мерки за измена на постојната државна помош

### Член 25

(1) Ако при надзорот на постојната државна помош Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека доделената државна помош повеќе не е дозволена, во смисла на одредбите од овој закон, на давателот на државната помош ќе му предложи преземање на соодветни мерки заради усогласување на државната помош со одредбите од овој закон.

(2) Мерките од ставот (1) на овој закон особено се однесуваат на:
- суштински измени на шемата за помош,
- измени во постапката за доделување на помош врз основа на шемата за помош и
- укинување на шемата за помош.

(3) Ако давателот на државната помош ги прифати предложените мерки од ставот (1) на овој член, Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение ќе утврди дека давателот на државната помош ги прифатил предложените мерки и ќе го определи рокот за нивно спроведување.

(4) Ако давателот на државната помош не ги прифати предложените мерки од ставот (1) на овој член, Комисијата за заштита на конкуренцијата со заклучок ќе поведе постапка, согласно со членот 15 став (4) од овој закон.

(5) Во постапката од ставот (4) на овој член соодветно се применуваат одредбите од членовите 15 став (5) и 17 на овој закон.

(6) Решението донесено во постапка од ставот (5) на овој член не смее да има ретроактивно дејство.

## ПЕТТИ ДЕЛ

### Судска заштита

#### Член 26

(1) Решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата донесени во постапка за оцена и надзор на државната помош се конечни.

(2) Против решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата од ставот (1) на овој член може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд.

(3) Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението и истата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

## ШЕСТИ ДЕЛ

### Користење на податоци

#### Член 27

Податоците прибавени во текот на постапка за оцена и надзор на државната помош пред Комисијата за заштита на конкуренцијата може да бидат употребени само за постапки кои се водат согласно со одредбите од овој закон.

### Увид во списите

#### Член 28

Во постапките за оцена и надзор на државната помош, во смисла на овој закон, соодветно се применуваат одредбите за увид во списите од Законот за заштита на конкуренцијата.

**Објавувања на одлуки и податоци**

**Член 29**

(1) Решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата од членот 15 на овој закон се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

(2) Решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и пресудите, односно решенијата на судот се објавуваат на веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

(3) Објавениот текст на решението мора да го содржи називот на давателот на државната помош и основната содржина на решението.

(4) На веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата се објавува и информација за секое известување во смисла на членот 13 од овој закон, како и информација за поведување на постапка во смисла на членот 15 став (4) од овој закон, при што се повикуваат сите заинтересирани лица во определен рок да поднесат свои коментари, мислења и забелешки во врска со државната помош во прашање.

(5) Податоците кои се деловна или службена тајна, во смисла на членот 30 од овој закон, не се објавуваат.

**Деловна или службена тајна**

**Член 30**

Во постапките за оцена и надзор на државната помош, во смисла на овој закон, соодветно се применуваат одредбите за деловна или службена тајна од Законот за заштита на конкуренцијата.

**СЕДМИ ДЕЛ**

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Постапки во тек**

**Член 31**

Започнатите постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат согласно со Законот за државна помош („Службен весник на Република Македонија” број 24/2003, 70/2006 и 55/2007).

**Подзаконски акти**

**Член 32**

(1) Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на актите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

### Престанување на важност на закон

### Член 33

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за државната помош („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/2003, 70/2006 и 55/2007).

### Влегување во сила

### Член 34

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.